КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 21-03-2017г. | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 454 | | |

Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0307-197
17.03.2017 год
СКОПЈЕ

ЗЕЛС

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија**

Со цел развој и соработка во делот на издавањето на одобренијата за градење и останати параметри на инженерската и градежна дејност во Република Македонија, а во согласност со заедничките интереси и меѓусебната соработка на двете институции, Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија (во натамошниот текст: ЗЕЛС), и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора), во Скопје го потпишуваат следниот:

## МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на заедничкото делување и реализација на цели од заеднички интерес, на следните начини:

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората и ЗЕЛС во процесот на изготвување на предлози и мерки за подобрување на сите административни процеси во општините и градот Скопје кои ги тангираат инженерите и градежните фирми.

- Реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и сл.) на теми поврзани со инженерското и градежно работење, локалната самоуправа, процесите на издавање на одобренија за градење и други административни прашања.

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија и ЗЕЛС во активности или во настани кои ќе третираат теми од областа на инженерското и градежно работење, локалната самоуправа, процесите на издавање на одобренија за градење во Република Македонија и останати области на заеднички интерес.

- Аплицирање за финансирање и учество во заеднички проекти од домашен и меѓународен карактер, од областа на делувањето на двете институции.

- Други активности и договори неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

Овој меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со н мисијата и визија на двете потписнички страни.

**Скопје, 9.3.2017 година**

| | |
|---|---|
| **потпис и печат** | **потпис и печат** |
| **Проф.д-р Миле Димитровски** | **Коце Трајановски** |
| **Претседател** | **Претседател** |
| Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија | Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија |